ОДУ бр.316/15

Република Македонија
**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**
ул.Јане Сандански бр.1лок.29
Битола 17.04.2015 во 12.00 часот
седумнаесетти април две илјади и петнаесетта година

# НОТАРСКИ АКТ
## ЗАПИСНИК ЗА СЕДНИЦА НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД БИТОЛА
**-и з в о д -**

Јас Нотар Луиза Христова од Битола, именувана за подрачјето на Основниот суд Битола, со седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1лок.29, потврдувам дека денес на седумнаесетти април две илјади и петнаесетта година, во дванаесет часот, поради постапка за водење на записник на седницата на Собрание на акционери на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола во форма на нотарски акт, бев повикана во просториите на ЗК Пелагонија АД Битола ПЕ Коле Канински Породин----------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието го отвори Драган Китановски во својство на актуелен претседавач со Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД - Битола, кој изјави дека записникот за денешната седница ќе го води Нотар Г-ѓа Луиза Христова. Ги поздраву присутните акционери, нивните застапници, присутниот нотар и сите присутни на денешната седница. --------------------------

Преседавачот кажа дека согласно член 395 од ЗТД мандатот на претседавачот на собранието трае до избор на претседавач на наредното собрание. ---------------------------------------------------------------------------------

На последното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД - Битола за претседавач беше избран Драган Китановски, заради што до изборот на нов претседавач го отпочнува процедуралниот дел од денешната седница на Собранието на акционери.-----------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието на акционери е свикано со објавување на јавен повик во весникот "Дневник" на ден 27.03.2015 година, на интернет страната на ЗК Пелагонија и на интернет страната на Македонската берза. Предлог одлуките и мислењата по точките од дневниот ред се објавени на на интернет страната на ЗК Пелагонија. Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на ЗК Пелагонија АД Битола, како и на на интернет страната на ЗК Пелагонија ---------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Од извршениот увид во акционерската книга добиена од ЦДХВ 48 часа пред одржувањето на собранието и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошниви, се констатира следното: ------------

- ЗК Пелагонија ад Битола има издадено вкупно 202.891 обични акции со право на глас.---------------------------------------------------------------------------------------
- Од вкупниот број на издадени 202.891 обични акции, Друштвото има стекнато 155 сопствени акции на кои правото на глас им мирува. ------------------
Вкупниот број на обични акции со право на глас изнесува 202.736. ----------------
Врз основа на списокот на пријавените и присутни акционери, односно нивни полномошници, кој е спореден со состојбата во акционерската книга на ЗК "Пелагонија" АД - Битола добиена на ден 15.04.2015 година од Централниот депозитар на хартии од вредност, СЕ УТВРДИ дека на денешната седница на собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД Битола (17.04.2015 година), присутни се 14 акционери, односно нивни полномошници кои поседуваат 167.182 обични акции со право на глас, што претставува 82,46 % од вкупниот број акции со право на глас, со што се констатира дека Е ОБЕЗБЕДЕН КВОРУМ за работа на собранието на акционери и се исполнети законските и статутарните услови за полноважно работење и одлучување на собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД - Битола.---
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Бидејќи е обезбеден кворум за работа, председавачот го прочита објавениот дневен ред за ова акционерско собрание. ---------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.** Отворање на Собранието на акционери -----------------------------------
**2.** Констатирање на кворум за работа на Собранието -------------------
**3.** Избор на претседавач на Собранието.---------------------------------------
**4.** Избор на 2 бројачи на гласови.-----------------------------------------------

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

-Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија"АД Битола одржана на ден 05.06.2014 година.------------------------------

1. Донесување на одлука за утврдување на месечниот надоместок на членовите на Одборот на директори ---------------------------------------------------------
2. Донесување одлука за измена на Статутот на ЗК "Пелагонија" ад - Битола, -------------------------------------------------------------------------------------------
3. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни ----------------------------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Председавачот го стави на гласање овој дневен ред и акционерите со 167.182 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, го утврдија ваквиот дневен ред -------------------------------------------
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
Председавачот предложи најпрво да се пристапи кон избор на: Претседавач на Собранието на акционерите. Напомена дека за Претседавач на Собранието не може да биде избран член на Одборот на директори. Ги замоли присутните акционери да дадат предлог за Претседавач на денешната седница----------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Томислав Давков предложи за председавач повторно да се избере Драган китановски ---------------------------------------------------------------------
Други предлози не беа дадени, па затоа предлог беше ставен на гласање и присутните акционери со 167.182 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната : --------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------

------------------------------ **за избор на председавач** ------------------------------------------

**1.** За претседавач на собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД - Битола, што се одржува на ден 17.04.2015 година, се избира акционерот Драган Китановски. ---------------------------------------------------------------------------

**2.** Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на ЗК "Пелагонија" АД -Битола.------------------------------------------------------------------

**3.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.------------------------------
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Драган Китановски, се заблагодари за довербата и изборот за председавач и продоложи да ја води седницата . Предложи да се премине кон избор на бројачи на гласови и председавчот за брјачи на гласови ги предложи Цвета Переловска и Јованка Митровска. ---------------------------------------------------------
Бидејки други предлози не беа дадени, председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 167.182 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------- **О Д Л У К А** -------------------------------------------

------------------------ **за избор на бројачи на гласови** ------------------------

**1.** За бројачи на гласовите при гласањето на Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД- Битола, што се одржува на ден 17.04.2015 година, се избираат акционерите:--------------------------------------------------------------------------
- Цвета Переловска и-----------------------------------------------------------------------------
-Јованка Митревска. ---------------------------------------------------------------------------

**2.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.------------------------------
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот констатира дека процедуралниот дел е исцрпен и предложи да се премине кон работниот дел и при тоа кажа дека секој присутен акционер, согласно член 391-б, има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред. Друштвото е должно одговорите на поставените прашања да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање - одговор. Дневниот ред за денешната седница на Собранието беше објавен со јавниот повик во дневниот весник ДНЕВНИК, на веб страната на ЗК Пелагонија и на интернет страната на Берзата. Напомена дека собранието може да одлучува само прашања кои согласно закон се уредно ставени на дневен ред. -------------
Председавачот предложи да се премине кон усвојување на записникот од седницата на Акционерското собрание од 05.06.2014 год. кој беше објавен на веб страницата на друштвото и беше достапен на увид на сите акционери. Записникот го водеше Нотар Луиза Христова. Бидејки никој од присутните

немаше примедба или забелешка на овој записник, председавачот предложи да се донесе одлука за негово усвојување, па председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 167.182 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------

**СЕ УСВОЈУВА Записникот** од седницата на Собранието на акционери на ЗК Пелагонија АД Битола одржан на ден 05.06.2014 год. ---------------------------
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПРВА ТОЧКА** : Се премина кон првата точка од дневниот ред - Донесување на одлука за утврдување на месечниот надоместок на членовите на Одборот на директори. Председавачот кажа дека врз основа на мислењето на Одборот на директори по оваа точка од дневниот ред се предлага донесување одлука со која се менува делот од одлуката Одлуката за избор на членови на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола донесена од собранието на ден 05.06.2014 година, така што утврдениот месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори вклучувајќи ги и независните членови, се намалува и се определува на месечен бруто износ од 30.000 денари. Исплата на паушалот согласно оваа одлука ќе се врши од 01.01.2015 година. ------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори расправа и никој од присутните акционери не се јави за збор.Затоа председавачот ја затвори расправата и предлог одлуката по првата точка ја стави на гласање, и присутните акционери со 167.182 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------------------------------------------------------------

----------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------

**Член 1**

Алинејата 1 од точката IV во Одлуката за избор на членови на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола број 02-597/15 донесена од собранието на акционери на ЗК Пелагонија ад Битола на ден 05.06.2014 година, **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:** ----------------------------------------------------------------------------------------

**Неизвршните членови на Одборот на директори вклучувајќи ги и независните членови, имаат право на**:----------------------------------------------------

**- месечен паушал во бруто износ од 30.000,00 денари.** -----------------------

**Член 2**

Исплатата на месечниот паушал согласно оваа одлука, на неизвршните членови вклучувајќи ги и независните членови на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола ќе се врши сметано од 01.01.2015 година.------------------------

**Член 3**

Исплатата по оваа одлука се применува сметано од 01.01.2015 година.-----

**Член 4**

Примерок од оваа одлука да се достави до членовите на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола, секторот за финансиско сметководствени работи, други надлежни органи каде има потреба, материјалите на Собранието на акционери и архивата на Друштвото.---------------------------------------------------------------
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ВТОРА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон втората точка од дневниот ред - Донесување одлука за измена на Статутот на ЗК "Пелагонија" ад -Битола . Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола на ден 23.03.2015 година утврди предлог одлука за измена на Статутот на ЗК Пелагонија ад Битола, со која се менува седиштето на ЗК Пелагонија ад Битола, така што новото седиште на Друштвото е на ул. Новачки пат бр. 11.Напомена дека за донесување на ова одлука е потребно 23-ко мнозинство од присутните акционери. ----------------------------------------------------------------

Председавачот отвори расправа и никој од присутните акционери не се јави за збор.Затоа председавачот ја затвори расправата и предлог одлуката по втората точка ја стави на гласање, и присутните акционери со 167.182 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------

**за измена на Статутот на Земјоделскиот комбинат "Пелагонија" – акционерско друштво – Битола – Пречистен текст -**

**Член 1**

Во Статутот на Земјоделскиот комбинат "Пелагонија" - акционерско друштво – Битола – пречистен текст – (број 01-732 од 05.06.2014), членот 5 **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

**"Член 2**

**"Седиштето на Друштвото се наоѓа на улица Новачки пат бр. 11 во Битола."**

**Член 3**

Член 154 **се менува и гласи:**

**„Со денот на влегувањето во сила на Одлуката за измена на Статутот донесена на ден 17.04.2015 година, престанува да важи Статутот на акционерското друштво Земјоделски комбинат "Пелагонија" – Битола број 01-732 од 05.06.2014 година – Пречистен текст -."**

**Член 4**

Член 155 **се менува и гласи:**

**„Пречистениот текст на Статутот, влегува во сила со денот на донесувањето на Одлуката за измена на Статутот број 01-732 од 05.06.2014 година на акционерското друштво Земјоделски комбинат "Пелагонија" – Битола– Пречистен текст -, донесена од Собранието на акционери на ден 17.04.2015 година,."**

**Член 5**

Се овластува Одборот на директори врз основа на оваа Одлука да подготви пречистен текст на Статутот во којшто ќе се внесат измените извршени со оваа одлука.

**Член 6**

**СЕ ОВЛАСТУВА** извршниот директор на ЗК "Пелагонија" ад - Битола, да ја поднесе пријавата за упис во Трговскиот регистар на измената на Статутот.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ТРЕТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон третата точка - Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни

По оваа точка од дневниот ред за усвојување предложени се две одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни и тоа:--------------------------------

1. Одобрување склучување зделка со Г-дин Цветан Панделески, како заинтересирана страна и ----------------------------------------------------------------------

2. Одобрување склучување зделка со Г-дин Јордан Камчев, како заинтересирана страна.-------------------------------------------------------------------------

Согласно член 131 од Статутот на ЗК Пелагонија Битола, а во врска со членовите 457, 459 и 460, од Законот за трговските друштва, одобрувањето на овие зделки е во надлежност на собранието на акционери бидејки нивната вкупна вредност надминува 2% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, односно истата изнесува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото. ---------------------------------------------------------------------

1. За одобрување склучување зделката со Цветан Панделески како заинтересирана страна, што претставува купување на 6% од уделот во Млекара Здравје Радово, се предлага одобрување на зделката по продажна цена од 46.000.000 денари, што претставува за 2,3% повисока цена од цената по која ЗК Пелагонија ад Битола го има стекнато уделот. --------------------------

Согласно член 460 став 5 од Законот за трговските друштва вредноста на зделката ја утврди Одборот на директори до највисока цена од 46.000.000 денари, по која се предлага да се одобри зделката.-------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори расправа по ова точка и за збор се јави Александар Лака кој во својата дискусија изрази сомнеж во исправноста на ваквите одлуки . Своите аргумент за ваквиот свој став акционерот ги образложи во пишана дискусија која ја прочита пред акционерите. --------------------------------

Нотарот констатира дека својата дискусија во пишана форма, заверена во потпис кај Нотар Стела Лазаревска Скопје УЗП.бр.1883/15 од 16.04.2015 година , Александар Лака ја приложи како составен дел на материјалите од овој записник.-----------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Александар Миневски-полномошник на НЛБ Нов пензиски фонд, кој кажа дека и за двете предложени одлуки со заинтересирана страна, во овој момент не може да се прозинесе дали се штетни или корисни за ЗК Пелагонија, па затоа во името на своите властодавачи ќе биде воздржан, при тоа изнесуваше аргументи за ваквиот свој став. ----------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејки никој друг не се јави за збор , председавачот ја затвори расправата и појасни дека по овој предлог гласаат само акционерите кои немаат интерес во зделката, а согласно член 460 став 3 од Законот за трговските друштва за донесување на одлуката потребно е просто мнозинство од гласовите на акционерите кои немаат интерес во зделката. Како заинтересирана страна не гласа акционерот Цветан Панделески бидејки истиот е претседател и неизвршен член на Одборот на директори.--------------------------------------------

Се премина кон гласање за одобрување склучување зделка со Цветан Панделески како заинтересирана страна за купување на 6% од уделот во Млекара Здравје Радово по продажна цена од 46.000.000 денари и присутните акционери со 122.404 гласови ЗА, што представуваат 75,42% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, со 958 гласови ПРОТИВ и 3370 гласови ВОЗДРЖАНИ, а без 40.450 гласови кои

произлегуваат од обичните акции со право на глас на акционерот Цветан Панделески кој е заинтересирана страна во зделката, ја донесоа следната ------ ------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------

**за одобрување зделка со заинтересирана страна**

------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. СЕ ОДОБРУВА** склучување на зделка со заинтересирана страна што претставува продажба од страна на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола на дел од удел што го поседува во Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово со ЕМБС 5560829, кој претставува 6% од основната главнина на Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово со номинална вредност од 730.050,00 денари, **на купувачот Цветан Панделески** носител на ЕМБГ 2705954430007.----------------------------------

**2.** Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола го има стекнато делот од уделот од точка 1 на оваа одлука по купопродажна цена од 44.983.489,00 денари, што претставува 1,61% од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Продажбата на делот од уделот од точка 1 на оваа одлука се врши по основна купопродажна цена од **46.000.000,00** денари, и претставува 1,64% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, а со поврзаната зделка за купување од страна на купувачот Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје на 12% од делот уделот што Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола го поседува во Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово, претставува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, и ја претставува вредноста на зделката.-------------------

**4. ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА:**

- Цветан Панделески – претседател и неизвршен член на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола. ------------------------------------------------------------------------------------

**5. СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:**

- Цветан Панделески носител на ЕМБГ 2705954430007 - во својство на купувач и
- Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола - во својство на продавач. ------------------------------------------------------------------------------------

**6 .ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:** купопродажба на делот од уделот од точка 1 на оваа одлука што го поседува Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола во Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово, кој претставува 6% од основната главнина на Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово, за основна купопродажна цена од **46.000.000,00** денари. ---------------------

**7.** Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, **потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва наведената зделка заедно со поврзаната зделка наведена во точка 3 од оваа одлука претставува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и не надминува **20%** од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и според одредбите на ЗТД и Статутот на Друштвото не е голема зделка туку само зделка со заинтересирана страна која потпаѓа под правилата за одобрување на зделка со заинтересирана страна.-----

**8.** Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола **потврдува** дека вредноста на зделката од оваа одлука заедно со поврзаната зделка наведена во точка 3 од оваа одлука или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото што претставува помалку од 10% од вредноста на

активата на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, заради што не е потребно мислење од овластен ревизор.-------------------------------------------------------

**9.** Се овластуваат членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола кои немаат интерес во зделката, врз основа на оваа одлука да донесува свои одлуки заради спроведување, реализација и измена на оваа одлука согласно одредбите од оваа одлука, а извршниот директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола да склучи договор за продажба на уделот од точка 1 на оваа одлука под условите наведени во оваа одлука и одлуките на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола кои немаат интерес во зделката донесени согласно оваа одлука.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**10. СЕ ПОТВРДУВА** дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.

**11.** Одлуката е донесена со вкупно 122.404 гласови, што претставува мнозинство од 75,42% гласови на сите акционери кои немаат интерес во зделката. --------------------------

**12.** При донесувањето на оваа Одлука не гласаше акционерот Цветан Панделески кој поседува 40.450 обични акции со право на глас издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, како акционер кој е заинтересирана страна во зделката во својство на претседател - неизвршен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола. ----------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Се премина кон гласање за одобрување склучување зделката со Јордан Камчев како заинтересирана страна, што претставува купување на 12% од уделот во Млекара Здравје Радово, се предлага одобрување на зделката по продажна цена од 92.000.000,00 денари, што претставува за 2,3% повисока цена од цената по која ЗК Пелагонија ад Битола го има стекнато уделот. -----
Согласно член 460 став 5 од Законот за трговските друштва вредноста на зделката ја утврди Одборот на директори до највисока цена од 92.000.000,00 денари, по која се предлага да се одобри зделката.---------------------------------------
Пред да се пристапи кон гласање по оваа точка од дневниот ред се напоменува дека по овој предлог гласаат само акционерите кои немаат интерес во зделката, а согласно член 460 став 3 од Законот за трговските друштва за донесување на одлуката потребно е просто мнозинство од гласовите на акционерите кои немаат интерес во зделката.Како заинтересирана страна не гласа акционерот ОРКА ХОЛДИНГ кој поседува 40.557 акции со право на глас, како поврзано лице со купувачот Јордан Камчев, како извршен член на Одборот на директори на ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, и неизвршен член на Одборот на директори на ЗК ПЕЛАГОНИЈА.-----------------------------------------------------------------------------
Се премина кон гласање за одобрување склучување зделка со Јордан Камчев како заинтересирана страна за купување на 12% од уделот во Млекара Здравје Радово, се предлага одобрување на зделката по продажна цена од 92.000.000,00 денари и присутните акционери со 122.297 гласови ЗА, што представуваат 75,41% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, со 958 гласови ПРОТИВ и 3370 гласови ВОЗДРЖАНИ, а без 40.557 гласови кои произлегуваат од обичните акции со право на глас на акционерот ОРКА ХОЛДИНГ АД, која е заинтересирана страна во зделката, ја донесоа следната -----------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------ О Д Л У К А ------------------------------------**

**за одобрување зделка со заинтересирана страна**

**1. СЕ ОДОБРУВА** склучување на зделка со заинтересирана страна што претставува продажба од страна на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола на дел од удел што го поседува во Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово со ЕМБС 5560829, кој претставува 12% од основната главнина на Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово со номинална вредност од 1.460.100,00 денари, **на купувачот Јордан Камчев** носител на ЕМБГ 2407970450009.----------------------------------------

**2.** Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола го има стекнато делот од уделот од точка 1 на оваа одлука по купопродажна цена од 89.966.979,00 денари, што претставува 3,21% од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Продажбата на делот од уделот од точка 1 на оваа одлука се врши по купопродажна цена од **92.000.000,00** денари, и претставува 3,28% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, а со поврзаната зделка за купување од страна на купувачот Цветан Панделески на 6% од делот уделот што Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола го поседува во Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово, претставува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, и ја претставува вредноста на зделката.-----------------------------------------------------

**4. <u>ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА</u>:**

- Јордан Камчев - неизвршен член на Одборот на директори на ЗК Пелагонија ад Битола ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5. <u>СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА</u>:**

- Јордан Камчев носител на ЕМБГ 2407970450009 - во својство на купувач и
- Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола - во својство на продавач. ------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6 .<u>ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА</u>:** купопродажба на делот од уделот од точка 1 на оваа одлука што го поседува Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола во Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово, кој претставува 12% од основната главнина на Друштвото за производство МЛЕКАРА ЗДРАВЈЕ РАДОВО ДОО увоз-извоз Радово Босилово, за основна купопродажна цена од **92.000.000,00** денари. --------------------

**7.** Собранието на акционери на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, **потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва наведената зделка заедно со поврзаната зделка наведена во точка 3 од оваа одлука претставува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и не надминува **20%** од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола и според одредбите на ЗТД и Статутот на Друштвото не е голема зделка туку само зделка со заинтересирана страна која потпаѓа под правилата за одобрување на зделка со заинтересирана страна.-----

**8.** Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола **потврдува** дека вредноста на зделката од оваа одлука заедно со поврзаната зделка наведена во точка 3 од оваа одлука или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 4,93% од книговодствената вредност на имотот на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото што претставува помалку од 10% од вредноста на активата на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, заради што не е потребно мислење од овластен ревизор.----------------------------------------------------------

**9.** Се овластуваат членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола кои немаат интерес во зделката, врз основа на оваа одлука да донесуваат свои одлуки заради спроведување, реализација, утврдување рок на плаќање и измена на оваа одлука согласно одредбите од оваа одлука, а извршниот

директор на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола да склучи договор за продажба на уделот од точка 1 на оваа одлука под условите наведени во оваа одлука и одлуките на членовите на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола кои немаат интерес во зделката донесени согласно оваа одлука.--------------------------------------------------------------------------------------------

**10. СЕ ПОТВРДУВА** дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола.

**11.** Одлуката е донесена со вкупно 122.297 гласови, што претставува мнозинство од 75,41% од гласовите на сите акционери кои немаат интерес во зделката. --------------------

**12.** При донесувањето на оваа Одлука со своите акции со право глас не гласаше акционерот Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје кој поседува 40.557 обични акции со право на глас издадени од Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола, како поврзано лице со заинтересираната страна - купувачот Јордан Камчев, во кое е извршен член на Одборот на директори на акционерот Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, а е и неизвршен член на Одборот на директори на Земјоделскиот комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола. ---------------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот констатира дека дневниот ред е исцрпен, и прогласи дека седницата на Собранието на акционери е завршена во 12.50 часот. ---------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавач со Собранието на акционери

с.р.

---------------------------------------

Драган Китановски

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Јас **Нотар ЛУИЗА ХРИСТОВА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието. Председавачот со акционерското Собрание Драган Китановски го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. -----------------------------------------------------------------

Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 10 листови и 10 страни---

Изворникот останува кај нотарот, а ЗК Пелагонија АД Битола добива 3 изводи и снимано ЦД од седницата на Собранието на акционери -----------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 27 од Законот за судски такси во врска со чл.144 став 4 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена -----------

Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари согласно чл.44, 55 и 57 од Нотарска тарифа и трошоци 900,00 денари-------------------------------

**ОДУ бр.316/15**

Битола 17.04.2015- седумнаесетти април двеилјади и петнаесетта година--------

**НОТАР**

**ЛУИЗА ХРИСТОВА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА БИТОЛА

**Јас, НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА**
**за подрачјето на Основниот суд Битола**

потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е **прв** извод - потполн - во извадок , кон кого **не се приложени преписи** од прилозите на нотарскиот акт

**Број: ОДУ 316/15** **Н О Т А Р**
**Во Битола 17.04.2015 год.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЛУИЗА
ХРИСТОВА
БИТОЛА